**ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ И СТАПУВАЊЕ НА СИЛА НА ПРОМОТИВНИТЕ ПРАВИЛА: 23.9.2022.**

# ПРОМОТИВНИ ПРАВИЛА

## "Продолжено чувство на безгрижност"

## 1. Организатор на промотивната акција

Самсунг Електроника Австрија Гмбх, Пратерстрасе 31/14 Обергешос, Виена Австрија (во понатамошниот текст: „**Самсунг**"), организира промотивна акција на купувачите на телевизорите NEO QLed кои се детално наведени во табелата во точка 6 (во понатамошниот текст: „**Уред**").

## 2. Учесници, промотивен период и подарок

Предметната промотивна акција е достапна на правни и физичко лица - купувачи (крајни корисници) на Уредот кои имаат престојувалиште, односно седиште на територијата на Република Северна Македонија и кои ги исполнуваат условите пропишани со овие Правила.

Корисниците кои во периодот на промоцијата ќе купат некој од Уредите од продажните партнери на Самсунг, а по исполнување на останатите услови дефинирани во овие правила, ќе добијат 5 (пет) годишна гаранција за купениот Уред („Подарок").

Времетраењето на промоцијата е од 23.09.2022 до 31.12.2022 година. Предметната промоција ќе заврши и пред наведениот рок доколку дојде до исцрпување на залихите на Уредот кои се предвидени за оваа. Во случај на предвремено завршување на предметната промоција Самсунг без одлагање ќе објави известување, заедно со соодветно изменети правила на предметната промоција на веб страницата на Самсунг.

## 3. Останати услови за учество во промоцијата и остварување на право на подарок

За купувачот да оствари право на учество на промоцијата во прашање и на подарокот од предметната промоција, треба да се исполнат следниве услови:

- Купувачот да купи Уред за време на промотивниот период од точка 2 од овие Правила;
- Уредот да е купен за време на промотивниот период исклучиво кај некој од продажните партнери на Самсунг на територија на Република Северна Македонија наведени во точка 5 од овие Правила;
- Уредот да го купил краен корисник на Уредот (крајни корисници се физички и правни лица на територија на Република Северна Македонија кои го купиле Уредот за сопствените потреби, а не за понатамошна препродажба или дистрибуција);
- Купувачот да го регистрира Уредот на https://my-samsung.com/rs/mysamsung/offers/#/GQ6BMPPWVH9WD/ не подоцна од 20 дена сметано од денот на купувањето (подетално опишано во точка 4)

## 4. Регистрација

Предуслов за добивање на подарок е успешно спроведена регистрација на купувањето на Уредот на https://my-samsung.com/rs/mysamsung/offers/#/GQ6BMPPWVH9WD/ не подоцна од 20 дена сметано од денот на купувањето.
Податоци кои се доставуваат со цел спроведување на регистрација на купувањето на Уредот т.е како корисникот би го остварил правото на подарок се следни:

- име и презиме на корисникот, односно фирма на Друштвото,
- е-мејл адреса на корисникот,
- контакт телефонски број на корисникот,
- IMEI број и/или сериски број на купениот Уред,
- приложување (скен) на фискалната сметка или фактура/испратница за купениот Уред.

Корисникот ги доставува претходно наведените податоци до организаторот и неговите партнери со цел да се провери дали се исполнети условите, односно дали корисникот остварил право на подарок т.е корисникот воедно дава своја изречна согласност за користење на неговите лични податоци во склад со одредбите на овие правила, известувањето за собирање и користење на личните податоци и Политиката за заштита на податоците.

НАПОМЕНА:

Правото на Подарок ќе го користи исклучиво лицето кое прво ќе поднесе успешна и комплетна пријава во согласност со овие Правила. Дополнителните пријави нема да бидат земени предвид за остварување на правото на Подарок.

## 5. Листа на продажните партнери на Самсунг

- Нептун Македонија д.о.о. Скопје ,
- Сетек сè од техника д.о.о.е.л.,
- Техномаркет Македонија ДООЕЛ – Скопје,
- Паком Компани д.о.о.е.л (И нивните партнери),
- Комтрејд Дистрибуција ДООЕЛ Скопје (И нивните партнери)

## 6. Листа на Уреди предмет на промоцијата

QE65QN900BTXXH
QE75QN900BTXXH
QE85QN900BTXXH
QE65QN800BTXXH
QE75QN800BTXXH
QE85QN800BTXXH
QE55QN700BTXXH

QE65QN700BTXXH
QE75QN700BTXXH
QE55QN95BATXXH
QE65QN95BATXXH
QE75QN95BATXXH
QE85QN95BATXXH
QE43QN90BATXXH
QE50QN90BATXXH
QE55QN90BATXXH
QE65QN90BATXXH
QE75QN90BATXXH
QE85QN90BATXXH
QE55QN85BATXXH
QE65QN85BATXXH
QE75QN85BATXXH
QE85QN85BATXXH
QE85QN900ATXXH
QE75QN900ATXXH
QE65QN900ATXXH
QE85QN800ATXXH
QE75QN800ATXXH
QE65QN800ATXXH
QE75QN700ATXXH
QE65QN700ATXXH
QE55QN700ATXXH
QE98QN90AATXXH
QE55QN95AATXXH
QE65QN95AATXXH
QE75QN95AATXXH
QE85QN95AATXXH
QE50QN90AATXXH
QE55QN90AATXXH
QE65QN90AATXXH
QE75QN90AATXXH
QE85QN90AATXXH
QE55QN85AATXXH
QE65QN85AATXXH
QE75QN85AATXXH
QE85QN85AATXXH

**7. Право на измена на промотивните правила**

Самсунг го задржува правото во било кое време, од оправдани причини, да ги менува овие Правила, со должност истите, без одлагања, јавно да ги објави.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОБИРАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Постапката за пријава за остварување на правата на поклон во рамки на предметната промоција вклучуваат достава на лични податоци на корисникот нужни за успешна пријава.

Податоци кои ќе се собираат за горенаведената потреба се следните:

- име и презиме на корисникот,
- e-mail адресата на корисникот,
- телефонскиот број за контакт на корисникот,
- точната куќна адреса на корисникот (заради достава на поклонот),
- серискиот број на купениот Уред,
- приложување (скен) на фискалната сметка или испратницата за купениот Уред.

Личните податоци на корисникот ќе бидат собиран и обработени согласни Правилата на приватност и заштита на личните податоци на Самсунг кои се наведени во продолжение на ова Известување и во согласност со овие Правила, како и во согласност со релевантните прописи на Република Северна Македонија за заштита на личните податоци.

Целта на собирањето на личните податоци на корисникот е проверка на исполнетоста на условите за остварување на правото на поклон и утврдување на адресата на корисникот за доставата на поклонот.

Со внесувањето на своите лични податоци на начин и во согласност со Правилата на предметната промоција корисникот (учесникот во предметната промоција) потврдува дека е запознаен со фактот дека трговското друштво Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, неговата подружница во Република Хрватска и нивните подизведувачи личните податоци ќе ги соберат и обработат со цел пријава за остварување на правото на поклон во рамки на предметната промоција.

Корисникот (учесникот во предметната промоција) воедно потврдува дека е запознаен со Правилата за приватност на Самсунг кои се приложени во продолжение на овој текст, како и дека е запознаен со фактот дека Самсунг ќе постапува со собраните лични податоци на корисникот (учесникот во предметната промоција) во согласност со одредбите наведени во Правилата за приватност.

Со пријавата за учество во оваа промоција, односно со внесување на своите лични податоци на начин и во согласност со Правилата на предметната промоција корисникот (учесникот во предметната промоција) исто така потврдува дека е запознаен со следното:

- дека раководителот на обработка на личните податоци е Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, Подружница Загреб, Радничка Цеста 37, Загреб, Хрватска,

- дека во случај купувачот да не ги сподели своите лични податоци со Самсунг, нема да оствари право на поклон во рамки на оваа промоција,

- дека горенаведениот раководител на обработка на личните податоци на барање на корисникот ќе ги дополни, измени или избрише неговите лични податоци доколку истите се непотполни, неточни или неажурни и ако обработката на истите не е во согласност со законот,

- дека правната основа на собирањето и обработката на личните податоци на корисникот е остварување право на поклон во рамки на предметната промоција,

- дека личните податоци на купувачот ќе бидат складирани исклучиво до истекот на рокот за поднесување приговор на купувачот,

- дека пристап до личните податоци на купувачот за целите на достава на поклонот во рамки на предметната промоција, освен Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ, Подружница Загреб, ќе има и подизведувачот на Самсунг,

- дека, доколку смета дека со неговите лични податоци се постапува на противзаконски начин, купувачот има право во секој момент да поднесе приговор до Агенцијата за заштита на лични податоци.

**Самсунг Електроникс Австрија ГмбХ**